# Посебни правни одредби на еднократни договори / Рамковни спогодби кои ги склучува Нарачателот за извршување на земјено – градежни и електромонтажни работи

## 1. Реализација на спогодбата (важи само во случај на склучување на рамковна спогодба)

Нарачката по Рамковна спогодба која што произлегува од оваа спогодба се издава од Нарачателот. Нарачките имаат важност само ако се однесуваат на работи кои се наведени во оваа спогодба.

Изведувачот изјавува согласност нарачките и обврските по оваа спогодба да ги прима писмено или електронски по e-mail, од овластено лице на Нарачателот на e-mail адресата на Изведувачот, наведена во оваа спогодба.

Доколку има измени во e-mail адресата за прием на нарачките на Изведувачот, Изведувачот се обврзува веднаш да ги достави податоците за новата e-mail адреса за прием на нарачките до Нарачателот на mail@evn.mk. Доколку Изведувачот не постапи по оваа обврска, нарачките доставени согласно став 2 од овој член од страна на Нарачателот, ќе се сметаат за уредно доставени до Изведувачот.

Изведувачот е обврзан во случај на дефекти да врши итни работи и да одговори на повикот на Нарачателот за максимум 3 часа од моментот на повик, и надвор од вообичаеното работно време.

## 2. Обврски на изведувачот

Изведувачот/Испорачателот /Извршителот е должен да го потпише или да го одбие потпишувањето на договорот /рамковната спогодба во рок од три работни дена сметано од денот на доставување(превземање) на договорот/рамковната спогодба од ЕВН Македонија .

Во случај на непотпишување на договорот /рамковната спогодба во рок од три работни дена сметано од денот на доставување(превздемање) на договорот/рамковната спогодба од Нарачателот од страна на Изведувачот/Испорачателот /Извршителот тогаш Договорот/ Спогодбата ќе се смета за неважечка и Нарачателот има право да смета дека Изведувачот/Испорачателот /Извршителот ја повлекува доставената понуда и одбива да го потпише договорот, со што Нарачателот има право да склучи Договор/ Спогодба со друг понудувач, без никакви обврски и оштетни побарувања од Изведувачот/Испорачателот /Извршителот што одбива да го потпише договорот во наведениот рок од страна на Нарачателот согласно оваа точка од Посебни правни одредби на еднократни договори / Рамковни спогодби кои ги склучува Нарачателот за извршување на земјено – градежни и електромонтажни работи.

Изведувачот е должен работите предмет на овој Договор/Нарачка по рамковна спогодба да ги изведе на начин и во роковите што се определени со овој Договор/Рамковната спогодба, прописите (согласно Законот за градење, Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта и др.прописи) и правилата на струката.

Изведувачот е должен да ги исполни основните барања за градбата во поглед на механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, заштита од пожар, хигиена, безбедност и здравје и заштита на работната и животната средина, сигурност при употребување, заштита од бучава, ефикасно користење на енергија и топлинска заштита и непречен пристап и движење до и во градбата.

Изведувачот нема право да ја менува техничката документација.

Изведувачот е должен на објектот да води градежен дневник и градежна книга кои ќе бидат потпишани од Надзорен орган.

Изведувачот е должен на градилиштето да преземе активности и мерки со кои ќе го означи градилиштето, како и мерки и активности од кои јасно се согледуваат информации за: инвеститорот на градбата, изведувачот на градбата и други потребни информации.

Изведувачот е должен на градилиштето да презема мерки заради обезбедување на сигурноста на објектот и на работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината.

По завршените работи, односно по раскинувањето на Договорот, изведувачот е должен од градилиштето да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што ги изградил и да го исчисти објектот и градилиштето.

## 3. Обврски на Нарачателот

Нарачателот е должен да направи известување на вработените од Изведувачот кои писмено потврдуваат дека се известени , согласно Законот за безбедност и здравје при работа.Со ова Известување вработените од Изведувачот ќе бидат информирани за правила на однесување и постапување како надворешна фирма, правата и обврските согласно Законот за безбедност и здравје при работа, при реализација на работи за потребите на Нарачателот , согласно законските одредби, важечките национални стандарди ( МКС) и важечката интерна регулатива на Нарачателот .

Нарачателот е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми во предвидениот рок до воведување на Изведувачот во работа со што би се овозможило несметано изведување на работите.

Нарачателот е должен, по склучувањето на договорот, да го воведе Изведувачот во работа, што особено опфаќа предавање на градилиштето и предавање на изведувачот техничка документација за изведување на работите. За воведувањето на Изведувачот во работа се составува записник и тоа се констатира во градежниот дневник.

Нарачателот е должен да постапи по барањето на Изведувачот за објаснување детали од техничката документација и во писмена форма да му го даде бараното објаснение од техничката документација.

Нарачателот е должен пред започнување на работите да именува свој Надзорен орган и со писмо да го извести Изведувачот за тоа.

Нарачателот е должен, на писмено барање на Изведувачот, да обезбеди технички прием на објектот.

## 4. Начин на примопредавање на изведените работи

Веднаш по завршувањето на работите Изведувачот писмено го известува Нарачателот дека работите што се предмет на Договорот се завршени. Нарачателот и Изведувачот се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање и конечна пресметка.

За примопредавањето се составува записник кој ги содржи особено следните податоци:
- дали работите се изведени според Договорот, прописите и правилата на струката,
- дали квалитетот на изведените работи одговара на договорениот квалитет, односно, кои работи Изведувачот треба на свој трошок да ги доработи, поправи или повторно да ги изведе и во кој рок тоа да го стори,
- констатација за примопредавањето на гарантните листови и атести за опремата што е вградена,
- датум на завршувањето на работите и датум на извршеното примопредавање.

Изведувачот одговара за реализацијата на работата се до моментот на преминување на ризикот, односно до моментот на примопредавање на градежните работи.

Изведувачот одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават и по премин на ризикот, ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Изведувачот одговара за сите нанесени материјални и нематеријални штети како последица од неисполнување на одредбите од овој Договор.

## 5. Гаранција

Изведувачот гарантира дека изведените градежни работи во времето на примопредавањето се во согласност со Договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат мани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно за употребата определена со Договорот.

Нарачателот е должен за забележаните недостатоци да го извести Изведувачот без одлагање.

Во секој случај мора да дојде до формален прием на работите откако по завршувањето на изведбата Изведувачот ќе достави барање за таа цел. Рокот на гаранција на регуларно изведените работи започнува со

денот на приемот и трае 36 месеци. Изведувачот гарантира за квалитетот на работите содржани во спецификацијата од договорот согласно важечките законски прописи.

Ако заради отстранување на недостатоците настанат трошоци при демонтажа и монтажа, како и придружни трошоци, тогаш тие мораат да се покријат од страна на Изведувачот како обврски што произлегуваат од гаранцијата, ако овие мерки не ги извршува лично Изведувачот.

Доказот за регуларното извршување е обврска на Изведувачот.

Во другите случаи видот и обемот на гаранцијата уследува исклучиво според законските одредби.

Поправката не несоодветно изведената работи се врши на трошок на Изведувачот вклучувајќи ги сите останати директни чили индиректни трошоци.

Изведувачот е обврзан да ги достави сите неопходни упатства за употреба и одржување на испорачаната и вградена опрема при изведбата на работите на македонски јазик.

Доколку барањето за отстранување на востановените дефекти Изведувачот не го изврши во определениот рок, Нарачателот има право да ги отстрани овие дефекти преку друга фирма независно од времетраењето на гаранцијата. Од тоа произлезените трошоци ќе паднат на товар на Изведувачот

Обврска за правилното извршување на Договорот е задача на Изведувачот.

Изведувачот е одговорен за сите негови вработени во делот на заштита при работа, безбедност, осигурување, ризици од повреди и сл. и при тоа:
- Изведувачот се обврзува дека при изведување на работните задачи во целост ќе ги примени обврските кои произлегуваат од Законот за Безбедност и здравје при работа и Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта,

-Изведувачот се обврзува дека секој од вработените при доаѓање кај Нарачателот на видно место ќе носи идентификациона картица (име, презиме, фирма) заверена со округли печат на фирмата
-Изведувачот се обврзува дека вработените ќе бидат опремени со соодветна заштитна опрема и истата задолжително ќе ја користат согласно работната задача за која ќе бидат ангажирани.
-Изведувачот се обврзува да им обезбеди на вработените соодветна обука согласно работната задача за која вработените ќе бидат ангажирани (потврда или сертификат од овластена организација за соодветната обука)
-Изведувачот се обврзува да достави доказ до Одделот за заштита при работа и заштита при пожар, преку КЕЦ/Оддел XXXXX дека има изготвено изјава за безбедност и проценка на ризик на работните места.
-Нарачателот е обврзан да не му дозволи отпочнување со работните задачи на Изведувачот ако некоја од наведените обврски не се исполнети.
- Нарачателот ќе врши контрола на примената и исполнувањето на обврските од страна на Изввeдувачот во делот на безбедност и здравје при работа, заштита на животна средина и останатите договорни обврски и има право да пропише мерка прекин на работа и работните задачи до отстранување на недостатоците, како и право на Договорна казна за неквалитетно исполнување на договорот.

## 6. Гаранција за квалитетно извршување на договорот

Како обезбедување на гаранцијата и на побарувањата произлезени од законската гаранција (согласно Законот за градење) за изведените работи, гаранцијата на производителот (за опремата и материјалите што ги обезбедува изведувачот) и од други видови отштета, Изведувачот е должен да достави банкарска гаранција за добро извршување на работите во износ од 5% од вкупниот износ од договорот, без ДДВ, со времетраење еднакво на рокот за изведба плус 20 дена максимален рок за достава на банкарската гаранција сметано од почетниот ден на важност на Договорот, т.е. во времетрање до ______ година. Изведувачот е должен банкарската гаранција да ја достави во рок од 15 дена од потпишување на договорот. Во случај на недоставување на банкарската гаранција во наведениот рок следи предупредување со дополнителен рок од 5 дена за доставување на банкарската гаранција.Доколку банкарската гаранција не биде доставена и во тој рок, Нарачателот го задржува правото за раскинување на договорот. Ако не се активира гаранцијата, на писмено барање, ќе се ослободи најдоцна 14 дена по истекот на гарантниот рок .

Изведувачот потврдува дека го има потребното искуство, професионалност и експертиза потребни за реализација на овој Договор.

## 7. Услови за квантитативна и квалитативна контрола

Изведувачот е должен да ја испита правилноста на техничките решенија во техничката документација, да

вградува материјали и опрема што му одговараат на пропишаниот или договорениот квалитет, да го предупреди Нарачателот за воочените недостатоци на материјалите и опремата, е должен да даде докази за квалитетот на употребените материјали и опрема и на изведените работи и да му овозможи контрола на Нарачателот.

Сите наоди на контролата на Изведувачот и на контролата на Нарачателот се запишуваат во градежниот дневник.

Конечната оцена на квалитетот на изведените работи и на употребените материјали и опрема се врши при примопредавањето на изведените работи.

## 8. Надзор на извршување на работите

Нарачателот има право да врши стручен надзор над работите на Изведувачот заради проверување и обезбедување на нивно уредно и квалитетно изведување, особено во поглед на видот, количеството и кавлитетот на работите, на материјалите и опремата и на предвиденото време.

Заради вршење на стручен надзор Нарачателот има право на пристап на градилиштето, во работилниците, погоните и местата за складирање на материјалите.

Стручен надзор врши лицето што ќе го определи Нарачателот, за што Нарачателот го известува Изведувачот.

Сите забелешки и наоди од Нарачателот се соопштуваат во писмена форма или се запишуваат во градежниот дневник.

Изведувачот е должен да постапи по сите основни нарања од Нарачателот поднесени во врска со вршењето на стручниот надзор.

## 9. Договорна казна

Ако Изведувачот не ја исполни својата обврска или задоцни со нејзиното исполнување што ќе доведе до ненавремена реализација на Договорот, како и за неквалитетно исполнување на Договорот, Нарачателот го задржува правото за:
- барање на договорна казна
- еднострано раскинување на Договорот
- надомест на предизвиканата штета од неисполнувањето.

Ако во текот на реализација на Договорот, Изведувачот не може да го запази рокот за изведба, Изведувачот написмено ќе го извести Нарачателот и двете страни ќе се обидат да договорат друг обврзувачки рок за изведба, сето тоа во согласност со член 4 од овој Договор.

Во случај на неуспех на обидот за договарање друг обврзувачки рок за изведба , како и во случај Изведувачот да не може да го запази и тој евентуално новодоговорен рок за изведба , тогаш Нарачателот има право да ангажира друг Изведувач за изведба на Договорот/нарачките по рамковна спогодба , веднаш по неуспехот на обидот за договарање друг обврзувачки рок за изведба , односно по истекот на таквиот , новодоговорен рок, а со цел да се избегне ,односно да се минимизира на предизвикувањето на штета од неиполнувањето на роковите за изведба . Таквото постапување не го ослободува Изведувачот/ Извршителот од пресметка и наплата на договорната казна од страна на Нарачателот.

Дополнително, Изведувачот е должен да ја надомести разликата во цени која ќе се појави при ангажман на друг Изведувач за изведба на Договорот/нарачките по рамковна спогодба , веднаш по неуспехот на обидот за договарање друг обврзувачки рок за изведба , односно по истекот на тој новодоговорен рок, а по претходно писмено барање од страна на Нарачателот.

Доколку Изведувачот не ја изврши целосно работата или дел од неа во договорениот рок или истата ја изврши надвор од утврдените рокови од причини за кои самиот е виновен, односно за ненавремена реализација на Договорот, или истата ја изврши неквалитетно, Изведувачот ќе плати на Нарачателот договорна казна во висина од 1% од вредноста на Договорот за секој ден задоцнување, но не повеќе од 15% од вредноста на Договорот, без ДДВ, додека за неквалитетна изведба вредноста на пеналите изнесува 15% од вредноста на Договорот односно нарачката по рамковна спогодба, без ДДВ.

За пресметување на договорната казна, Нарачателот не е должен да достави доказ за штета или вина.

Во случај на договорно утврдени измени во однос на роковите за изведба, новиот рок за изведба е меродавен за договорната казна за доцнење.

Во случај да на Нарачателот му е изречена прекршочна санкција во форма на глоба или му е понудено порамнување од страна на надлежните државни органи за сторен прекршок, поднесено е барање за надомест на штета која е производ од ненавремено, нецелосно или неквалитетно неизвршување на обврските на Изведувачот од овој Договор, Нарачателот има право платениот износ на име глоба, односно надомест на штета да го побарува од Изведувачот преку издавање на фактура кон Изведувачот. Кон фактурата ќе бидат приложени сите документи за односниот случај.

## 10. Виша сила

Изведувачот и Нарачателот се ослободуваат од одговорноста, како и од активирањето на договорната казна, ако поради вонреден настан, кој се случил по склучувањето на договорот, а пред пристигнувањето на обврската, што во времето на склучувањето на договорот не можел да се предвиди ниту договорната страна можела да го спречи, избегне или отстрани и за кој не одговара ни едната ни другата страна (виша сила), а за што страната кај која настанале околностите е должна да ја извести другата страна во рок од три дена. При неисполнување на оваа обврска се применува договорната казна, како и при задоцнетата изведба.

Додека трае непредвидената околност, реализацијата на Договорот се стопира за времетраење на истата.

Ако непредвидената-виша сила трае повеќе од 15 денови, секоја од страните има право да го раскине договорот со отказен рок од 10 (десет) дена.

Недостигот на опрема и материјал (обврска на Изведувачот) и персонал нема да се смета како Виша сила.

## 11. Доверливост

При реализацијата на Договорот, Изведувачот не смее без претходна писмена согласност на Нарачателот, да го открива Договорот или било која одредба од истиот, спецификација, информација итн. доставена од Нарачателот во врска со договорот, на било кое друго лице освен на лица овластени од Изведувачот и истите треба да ги третира како деловна тајна, освен за фирмите од ЕВН АГ.

Поседување на било какви технички или деловни информации или податоци, писмени, усмени или во друга форма (во понатамошниот текст-информации), дадени од една од Страните на другата, ќе останат во сопственост на страната која ја обезбедува информацијата.

Информацијата дадена од една страна (во понатамошниот текст Страна која ја открива информацијата) на другата (во понатамошниот текст Страната прımател) ќе се смета за доверлива и ќе се користи само за намената за која е откриена и не смее да се користи за други цели без претходна писмена согласност на Страната која ја открива информацијата освен:

- доколку информацијата била позната на јавноста пред да биде откриена; или
- и била позната на Страната прımател пред да биде откриена од Страната која ја открива информацијата што се гледа од писмената евиденција на страната прımател; или
- ако е законски примена од трета страна и не се смета за доверлива, или
- ако е независно генерирана од Страната прımател без користење на информации и ако ваквото независно генерирање може да се види од писмена евиденција, или
- ако важечките закони, судска наредба или надлежните органи бараат таа информација да биде обелоденета, и доколку страната прımател веднаш ја извести Страната давател на информација за ваквото барање. Во тој случај ако е можно Страната прımател веднаш ќе ја извести Страната давател за тоа барање и ќе помогне да не се обелодени информацијата.

Ниедна од Страните нема да открива информации добиени во тек на реализацијата на Договорот без претходно писмено одобрение од другата Страна освен кога откривањето е во согласност со целите на Договорот.

Страната прımател ќе го ограничи пристапот до информациите на себеси, своите соработници, директори, службеници или советници кои имаат потреба од пристап до овие информации исклучиво за потребите на Договорот. Откривање на информации на трето лице (освен соработници или професионални советници) од Страната прımател ќе се изведува само со писмена согласност на Страната давател на информации.

Во случај на објавување на информацијата од Страната прımател без претходна писмена согласност на Страната давател, Страната давател има право веднаш да го прекине Договорот.

Откривањето на информацијата не повлекува издавање или давање на дозвола и право на било кој заштитен знак, авторски права или нивна имплементација.

Страните ќе ги чуваат сите информации во строга тајност и нема да дозволат употреба, копирање или објавување ниту ќе му дозволат на својот персонал да користи, копира или објавува информации со било која намена која не е нагласена во овој Договор.

Страната давател може во секое Време да побара враќање на сите информации заедно со копиите и сите секундарни информации односно информации изведени од првичната и зачувани на било каков медиум. Страната примател по приемот на вакво барање треба да ги уништи сите информации. Ако така одлучи, Страната примател ќе ги уништи сите секундарни информации и ќе издаде изјава потишана од директор/претседател на Страната примател дека информацијата била комплетно уништена и дека не постојат копии или извадоци.

Страните нема да издаваат соопштенија за медиуми или известувања во врска со Договорот без претходна писмена согласност на другата Страна. Се прифаќа дека вакво известување може да се побара во согласност со условите наведени погоре.

Овој Договор, информациите во него и разговорите во врска со него се доверливи и не се достапни на трети лица без претходна писмена согласност на другата Страна.

Непридржувањето кон горенаведените обврски претставува значајна причина за моментален прекин на Договорот.

Договорните страни се согласни дека за времетраењето на овој Договор, а за период од 2 (две) години по неговото истекување или раскинување ќе ги чуваат како доверливи сите информации во врска со Договорот.

## 12. Пренесување на обврски и склучување поддоговори

Договорните страни можат да ги пренесуваат, отстапуваат, нивелираат или на друг начин да располагаат со сите или дел од правата и обврските од овој Договор/Спогодба само по неговото стапување во сила, и само со претходна писмена согласност на другата договорна страна која треба да биде дадена во рок од 30 дена по приемот на соодветното барање за тоа, а доколку согласноста не е дадена во тој период ќе се смета дека е одбиена.
Без оглед на одредбата од став 1 на овој член правата и обврските од склучената рамковна спогодба/договор/ (вклучувајќи но не ограничувајќи се на гаранција, квантитативен и квалитативен прием, пре- фактурирање и др.) можат да се пренесат и отстапат на друштва од ЕВН групацијата на Нарачателот како Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ и слични.
.

Изведувачот нема да ги пренесе на трета страна, делумно или целосно своите обврски за реализација на договорот, освен со претходна писмена согласност од Нарачателот. Ваквото пренесување или склучување под-договори мора да биде одобрено само од Нарачателот и само до степен до кој тоа е дозволено со законите и домашните регулативи. Таквото пренесување на обврските не го ослободува Изведувачот од било каква одговорност, гаранција или друга договорна обврска.

Во било кој случај, Изведувачот нема да биде ослободен од својата обврска од Договорот за тој дел од услугите за кои бил склучен под-договор, и Изведувачот ќе биде одговорен за дејствијата или работењето на било кој под-изведувач или нивен вработен, претставник, службеник и сл., и тоа целосно, исто како да се тие вработени на Изведувачот, негови службеници или претставници.

Било кое пренесување или склучување под-договор кој е во спротивност со оваа одредба ќе се смета за неважечки, ништовен и без ефект кон Нарачателот.

Изведувачот ќе го заштити, обезбеди и чува Нарачателот од сите побарувања, барања, дејствија, процеси, постапки, штети, загуби, даноци и трошоци претрпени, склучени или во врска со ваквите пренесувања или склучување под-договори.

Изведувачот написмено ќе го информира Нарачателот за сите под- договори склучени во рамките на Договорот доколку истите не се претходно дефинирани во понудата. Таквата информација не го ослободува Нарачателот од било каква одговорност согласно овој Договор.

## 13. Раскинување на договорот

Договорот може да се раскине:

- спогодбено, по барање на една од договорните страни
- ако Изведувачот не ги исполнува обврските од Договорот со отказен рок од 10 (десет) дена

- ако Изведувачот е во задоцнување во однос на дефинираните рокови за изведба со отказен рок од 10 (десет) дена
- ако квалитетот на изведената работа/ услуга и/ или испорачаната опрема не ги задоволува утврдените технички услови и квалитет со договорот со отказен рок од 10 (десет )дена
- поведена е стечајна постапка кон Изведувачот или пак истиот стане несолвентен на било кој друг начин
- од страна на Нарачателот еднострано без причина и без отказен рок ако Изведувачот не исполни обврска од договорот, согласно одредбите од овој Договор

**14. Ефект од Раскинување на договорот**

Раскинувањето на овој Договор од било која причина нема да ослободи договорна страна од било каква обврска која во моментот на раскинување на Договорот веќе и е наложена на Страната, или која потоа може да се наложи во однос на било каков чин или пропуст кој му претходи на раскинувањето на Договорот.

Одредбите од овој Договор за кои е дефинирано дека продолжуваат да важат по неговото раскинување или од чија природа или контекст може да се утврди дека тие ќе продолжат да важат по раскинувањето, во овој поглед ќе остане целосно правосилен без оглед на таквото раскинување.

Во случај на раскинување на овој Договор поради било каква причина, сите обврски на Страните кои произлегуваат од овој Договор треба веднаш да се наплатат и порамнат во рок од 5 (пет) работни дена.

**15. Јазик**

Договорот е составен на македонски јазик. За целокупната кореспонденција и другите документи кои ќе се разменуваат помеѓу страните во врска со Договорот ќе се користи македонскиот јазик.

**16. Решавање на спорови**

Со склучувањето на овој договор, договорните страни се согласуваат сите меѓусебни спорови да ги решаваат спогодбено и во духот на добрите деловни односи, а ако тоа не е можно, надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

**17. Правни лекови**

Изведувачот нема да го смета за виновен, ќе го обештети и ќе го брани Нарачателот и секој од неговите вработени, советници, агенти, членови на Управен Одбор, претставници, наследници и асигнатори од сите загуби претрпени, кои се јавиле како резултат на некакво прекршување на обврска на Изведувачот која произлегува од оваа Спогодба/овој Договор и ќе го брани секој од нив од било каква постапка согласно позитивното законодавство.

Обврската на Изведувачот за обештетување според оваа Спогодба/овој Договор вклучува и обврска за исплата на било кои и сите трошоци (вклучувајќи ги разумните адвокатски такси согласно тарифите за работата на адвокатите) и даноци кои произлегле од каква било граѓанска кривична или даночна постапка, судење или процес (или закана од истите).

Изведувачот треба да го подмири побарувањето за надомест на штета од овој член, во рок од 15 дена од денот на известувањето дадено од Нарачателот. За секоја сума за надомест на штета која нема да се плати во рок од 15 дена од денот на известување ќе се пресметува законска казнена камата.

**18. Случаи на неприменливост на одредби (отстранување)**

Доколку кој било услов или одредба од овој Договор е неважечка, незаконска или не може да се спроведе според законот по кој се води толкувањето на овој Договор, сите други услови и одредби од овој Договор сепак ќе останат целосно правосилни доколку договорот може да опстане без нив и ако тие не биле услов за склучување на договорот ниту решавачка побуда поради која е склучен договорот.

Неважечките, незаконските или неспроведливите услови или одредби од овој Договор (се додека се неважечки, незаконски или неспроведливи) ќе бидат отстранети од овој Договор и ќе се сметаат дека не биле напишани.

Секоја одредба од овој Договор која само делумно или до одреден степен не е важечка, законска или не може да се спроведе ќе остане целосно во сила во оној степен до кој не се смета за неважечка, нелегална

или неспроведлива. Страните ќе ги направат сите разумни напори да ги заменат отстранетите одредби со важечки законски и спроведливи одредби чиј ефект е во најголема можна мера близок кон ефектот на отстранетата одредба.

## 19. Општи одредби

Преземање на обврските од спогодбата/ договорот, услови на градежната локација

Со предавање на понудата и со реализацијата на спогодбата/ договорот , Изведувачот изјавува дека имал увид во документите од Огласот и спогодбата/ договорот,  и дека се согласува со одредбите содржани во истите. Тој изјавува дека целосно се информирал во однос на локалните услови и ограничувања, за сите можни работни тешкотии, за магацините и просториите за престој, за транспортните и пристапни патишта, можностите за третман на отпад, постоечки електрични инсталации, водни инсталации и др. видови на инсталации и дека ги земал предвид сите услови при формирањето на цената. Изведувачот изјавува дека дека ќе ги преземе сите мерки за навремено снабдување на сите материјали за кои се обврзал дека ќе ги понуди. Доколку Економскиот оператор/ понудувачот имал нејаснотии од јавниот повик кои не се отстранети до рокот за предавање на понудите, тогаш тој мора своите забелешки да ги изнесе во писмена форма.

Во единечните цени на одделните позиции треба да се вкалкулираат сите работни активности и испораки кои се потребни за квалитетно изведување на работите, како и за нивно изработување во предвидениот рок, дури и во случај кога тие не се посебно наведени во соодветните позиции од спогодбата/договорот.

## 20. Основи на спогодбата/договорот

Во случај на спор,  важечки е следниот редослед на документите:

- Рамковната спогодба/ Договорот
- Нарачка по Рамковна Спогодба
- Важечки закони, стандарди, нормативи
- Документите за изведбата и техничките одредби согласно на тендерот
- "Посебните правни одредби"
- Тендерска документација на Нарачателот
- Градежна книга, градежен дневник
- Понуда

При изведбата задолжително треба да се почитуваат и применуваат одредбите што произлегуваат од закони, стандарди, нормативи  и други прописи поврзани со работите.

Доделувањето на спогодбата/договорот, евентуалните измени и дополнувања на спогодбата/договорот се валидни, доколку се во писмена форма.

## 21.Дозволи

Дозволите што се потребни за изработување на градежниот објект (на пр. градежни дозволи, согласности за приклучоци за вода, за енергија,  итн.) ги обезбедува  Нарачателот.

Изведувачот треба да ги обезбеди навремено сите други евентуално потребни дозволи за целокупните градежни работи и да ги сноси трошоците настанати од истите.

## 22. Дозволи за градба

Изведувачот се обврзува навремено да ги побара од Нарачателот сите документи за градбата,  така што подготовката и изведбата на работата да можат да се остварат соодветно на планот за изведба на

работите.

Изведувачот е обврзан плановите и другите документи веднаш по нивното добивање да ги провери во однос на техничка изводливост, законските прописи и истите да ги усогласи со локалните услови на градилиштето.

Документите кои му се дадени на Изведувачот (проекти, мостри, цртежи, скици, пресметки и сл.) остануваат сопственост на Нарачателот, не смеат да се доставуваат на неовластени лица и тие мораат најдоцна до извршувањето на техничкиот прием на работите да се вратат на Нарачателот.

**23. Користење на средства на нарачателот**

Нарачателот ги отстапува на користење на Изведувачот само оние средства/ имот или права на користење на средствата/ имот или средства за комуникација и средства за работа за кои јасно се изјаснил дека ги отстапува, во периодот на изведба на работите.

**24. Заедничко работење на повеќе изведувачи**

Изградбата на градежниот објект зависи од заедничката работа на сите учесници во градбата.

Доколу на едно градилиште истовремено се ангажирани повеќе изведувачи на спогодбата/договорот, во тој случај тие треба да се грижат да биде избегнато меѓусебното попречување при изведбата на работите.

Работните активности во случај на ангажирање на повеќе изведувачи треба така да се координираат, за да се запазат во целост роковите дефинирани со спогодбата/договорот за изведба, со целосно исполнување на сите безбедносно-техничките барања и барањата за заштита на животна средина.

Доколку не може да се постигне координација помеѓу Изведувачите, тогаш важечка е одлуката на Нарачателот и/ или надзорниот орган назначен од Нарачателот за координирано изведување на работите. Сите дополнителни трошоци настанати како резултат на неисполнувањето на оваа обврска, било да се условени од неправилно изведување на работите или неисполнување на роковите утврдени со спогодбата/договорот, се на товар на Изведувачот.

**25. Увид на градежната локација**

Изведувачот е должен пред почетокот на работите да изврши увид на градежната локација, да го прегледа просторот околу градежниот објект и градежната локација (вклучувајќи ги пристапните патишта и местото за складирање материјал на градежната локација) и по потреба да ја сними актуелната состојба на градежната локација пред започнување на работите на соодветен начин (фотографирање, видео запис, писмен запис и други доказни материјали) , за да евентуалните оштетувања (штети) кои постоеле пред почнување на работите не му бидат препишани на Изведувачот со образложение дека настанале за време на изведувањето на градежните работи на објектот.

**26. Безбедност на градилиште**

Изведувачот изјавува дека на местото на реализиција на договорот ги спровел сите потребни мерки за обезбедување на безбедно градилиште и соодветни услови за работа согласно Законот за безбедност и здравје, Законот за градење, Законот за работни односи и сите останати важечки закони и прописи во Република Северна Македонија.

Изведувачот е обврзан да ги упати своите вработени во однос на безбедното спроведување на работите како и во однос на заштитата на работниците и безбедност при работа , а на Нарачателот треба писмено да му потврди дека ги известил вработените во однос на тие прашања. Натаму Изведувачот треба да внимава на исполнувањето на сите законски прописи и да ги преземе сите мерки за заштита на животот и здравјето на работниците како и мерките за заштита од несреќи.

Изведувачот за евентуалните несреќи треба веднаш писмено да му соопшти на Нарачателот, преку испраќање на копиите од пријавите за несреќата.

Работниците на Изведувачот, кои непрофесионално и недолично се однесуваат и кои со своето

однесување го загрозуваат остварувањето на работните активности, на барање на Нарачателот ќе бидат отстранети од градилиштето.

Нарачателот може лицата кои ги прекршуваат прописите за безбедност и заштита при работа веднаш да ги отстрани од градилиштето. .

**27. Координација на градежните работи**

Изведувачот има сеопфатна обврска за координација и соработка со сите лица кои работат на градилиштето. Покрај тоа Изведувачот е обврзан на најдобар можен начин да го поддржи Нарачателот, како и ангажираните одговорни лица (надзорен орган, раководители на проект, проект менаџери и слично) при извршувањето на нивните задолженија.

Изведувачот е посебно задолжен да ги спроведе сите неопходни мерки за безбедно градилиште, безбедност и здравје на сите лица ангажирани од страна на Изведувачот се во согласност со Законот за безбедност и здравје, како и да обезбеди целосна примена на законските одредби поврзани со заштита на животната средина.

**28. Заштита на животна средина**

Изведувачот е должен да се грижи за животната средина, заштита на медиумите и одделните области на животната средина преку превземање мерки и активности кои се однесуваат на заштита од штетните влијанија од:
- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанции и технологии;
- отпадот.

Сите мерки, стандарди и цели на животната средина се применуваат како минимални барања, доколку не е поинаку дефинирано во посебен закон или пропис. Согласно важечката законска регулатива, забрането е испуштање на загадувачки материи и супстанции во животната средина.

Изведувачот е должен, без посебен надомест, да се грижи работното место да биде чисто и да го отстранува од градилиштето целокупниот отпад, градежни материјали и опрема која не му е потребна.

Изведувачот е должен да врши собирање и селектирање на сите отпадни материјали кои се создаваат во текот на извршувањето на работите.
Изведувачот има обврска безбедно да го транспортира отпадот до крајната дестинација (депонија или магацин) на свој трошок во согласност со важечката законска регулатива. Изведувачот е должен да спречи растурање или испаѓање на отпадот за време на собирањето, транспортот, утоварот и/или истоварот.

При транспорт на опасни материи, Изведувачот е должен да обезбеди безбедно транспортирање со превземање мерки за заштита од истекување на опасните материи.
Изведувачот е должен да врши собирање, отстранување и транспортирање на целокупниот градежен шут на одобрена депонија.

Изведувачот е должен демонтираните материјали или опрема да ги врати комплетни во магацин на КЕЦ/ Нарачател.

Во случај на загадување на животната средина кое може да биде предизвикано од Изведувачот за време на извршување на работите согласно предметот на спогодба, Изведувачот е одговорен за отстранување на настанатите загадувања и настанатата штета по животната средина во најкус можен рок. Изведувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мера, во состојба како пред оштетувањето.

Нарачателот го задржува правото да врши контрола на работењето на Изведувачот во областа на заштита на животната средина согласно важечките закони за животна средина и договорените услови,

без предходно да се најави истата и ако тоа не се врши согласно важечката законска регулатива. Како резултат од извршената контрола ќе се достави Протокол до Изведувачот во кој ќе бидат наведени сите усогласености и неусогласености.

Изведувачот/ Извршителот/ Испорачателот доколку увезува опрема/ материјал во Република Северна Македонија, потребно е да достави до Нарачателот:

Потврда за склучен договор со колективен постапувач за постапување со:

отпад од пакување или

отпадни батерии и акумулатори или

отпадна електрична и електронска опрема (ЕЕО) како и

Потврда за:

платени надоместоци за управување со отпад од пакување/батерии и акумулатори/ ЕЕО или

ослободување од плаќање надоместоци доколку има договор со колективен постапувач со пакување/батерии и акумулатори/ЕЕО или

осслободување од плаќање надоместоци доколку добавувачот е регистриран како самостоен постапувач со отпад од пакување/батерии и акумулатори/ЕЕО

**29. Подизведувач**

Спогодбата/Договорот или дел од истиот може да се пренесе на подизведувач(и), само со добиена писмена согласност на Нарачателот, а согласно условите од Законот за градење за ангажирање на подизведувач. Нарачателот има право поради битни причини да одбие да даде согласност(и) за бараните подизведувачи.

Не е дозволено пренесување на спогодбата/договорот или дел од истиот од еден подизведувач на друг подизведувач .

Изведувачот има обврска да ги пренесе одредби од спогодбата/договорот на подизведувачите.

**30. Активности пред воведување во работа**

Изведувачот е обврзан пред воведување во работа да го провери барем следното:

→ локацијата, пристапните патишта, место за изведба на работите, постоечки инсталации, постоечка арматура, просторни можности за организација на градилиште
→ доставена документација од Нарачателот
→ постоечка проектанска документација на Нарачателот (планови, пресметки, вештачења во однос на земјиштето итн.)
→ претходни активности на претходните Изведувачи
→ потреба од координација со други Изведувачи
→ претходни работни активности на Нарачателот
→ потреба од укажување на Нарачателот за евентуални ризици и потешкотии при реализација на спогодбата/договорот
→ постоење на можности и предлози за подобрување во прифатливи размери

Доколку Изведувачот не даде писмено известување до Нарачателот во однос на недостатоците или евентуални ризици и потешкотии во врска со изведбата на предвидените работи согласно спогодбата/Договорот во рок од 7 дена од осознавањето на недостатоците или евентуални ризици и потешкотии, тогаш Изведувачот во целост одговара за последиците.

**31. Раководење на објектот и надзор**

Раководењето на објектот и надзорот се врши согласно актуелниот Законот за градење

**32. Испитување и материјали**

Материјалите кои се користат при изведба на работите треба да се согласно доставената техничка документација од Нарачателот и во согласност со спогодбата/Договорот и за истите Изведувачот доставува документи за квалитет, сертификати или атести, без дополнителни трошоци за Нарачателот.

Потврдата на бараниот квалитет уследува без посебен надомест преку доставување мостри, атести и референци или на друг соодветен начин.

Трошоците од евентуалните дополнителни испитувања кои не се предвидени со основниот спогодбата/Договор, основниот проект или стандардите или техничките нормативи се на товар на Нарачателот доколку резултатите од испитувањата ја потврдат исправноста на материјалите и на изведбените работи, а во сите други случаи трошоците паѓаат на товар на Изведувачот.

**33. Градежна книга и градежен дневник**

Изведувачот е обврзан уредно да води градежна книга и градежен дневник согласно актуелниот Законот за градење.

**34. Непредвидени и дополнителни работи**

Реализацијата на спогодбата/договорот започнува со воведување во работа на Изведувачот од страна на Нарачателот и/или надзорниот орган на Нарачателот.

За сите непредвидени работи во спогодбата/договорот, Изведувачот доставува понуда врз основа на главната понуда до Нарачателот во најкраток можен рок. Нарачателот ја прифаќа или одбива понудата во најкраток можен рок. Несогласувањето во однос на понудата за непредвидените работи не му даваат за право на Изведувачот да ги оддолжи или да ги прекине работите. Непредвидените и дополнителни работи за кои не постои писмена согласност или Анекс на спогодбата/договор за изведување не се признаваат.

Непредвидените и дополнителните работи што не се опфатени во спогодбата/договорот, а кои се неопходни за изведба на објекот, се регулираат со обострано потпишување на Анекс на спогодбата/договор.

При зголемување на обемот на работите, Изведувачот е обврзан доколку се јави намалување на трошоците поради значително зголемување на количините на одредени позиции од спогодбата/договорот, тоа на соодветен начин да го пресмета во прилог на Нарачателот со намалување на вкупната цена.

**35. Прекувремени работни часови**

Прекувремените работни часови кои ги спроведува Изведувачот во сопствен интерес, заради исполнување на договорените термини не се признаваат и нема да бидат дополнително платени.

**36. Рокови за изведба**

Роковите за изведба на работите се утврдени во спогодбата/договорот. Градежните работи треба да се извршат со користење на материјал, работна сила, опрема и машини и тоа така што ќе бидат исполнети роковите од динамичниот план, како и крајниот рок за изведба. Сите активности што Изведувачот треба да ги спроведе за исполнување на роковите за изведба се вкалкулирани во цената на спогодбата/договорот.

Пречките во соработката на различните подизведувачи или недостиг на материјал и опрема/ машини за изведба на работитет, не претставуваат причина за продолжување на роковите за изведба.

Поединечните рокови наведени во динамичниот план за реализација на работите се сметаат за обврзувачки рокови. Надзорниот орган на Нарачателот заради координација на градежните работи е овластен во секое време од Изведувачот да побара да ги изврши работите што тој ги смета за итни или

да побара престанување на работата доколку смета дека тоа е потребно.

Непридржувањето на Изведувачот до роковите е можно само во случаи на виша сила. Изведувачот и Нарачателот се ослободуваат од одговорноста, како и од активирањето на договорната казна, ако по склучувањето на спогодбата/договорот настапат околности (кај било која страна-потписник на овој Договор-спогодба) кои не можеле да се предвидат, отклонат или спречат (Виша сила), а за што страната кај која настанале околностите е должна да ја извести другата страна во рок од три дена. При неисполнување на оваа обврска се применува договорната казна, како и при задоцнетата изведба. Додека трае непредвидената околност, реализацијата на спогодбата/Договорот се стопира за времетраење на истата. Ако непредвидената – виша сила трае повеќе од 15 денови, секоја од страните има право да го раскине договорот со отказен рок од 10 (десет) дена. Недостигот на опрема и материјал (обврска на Изведувачот) и персонал нема да се смета како Виша сила.

Нарачателот го задржува правото по завршување на околностите кои довеле до неможност за исполнување на роковите за изведба или неисполнување на барањата за квалитет од страна на Изведувачот, да го раскине договорот.

**37. Цени**

Важечки се утврдените цени од обострано потпишаниот Договор-спогодбата. Цените на градежните работи се фиксни во текот на времетраењето на спогодбата/договорот, изразени во МКД и се без ДДВ и истите претставуваат целосен надомест за изведувањето на работите, вклучувајќи ги сите помошни и придружни работни активности на изведувачот и неговите подизведувачи кои се неопходни за беспрекорна реализација на работите.

Цените од спогодбата/договорот ги вклучуваат барем и следните помошни и придружни работи:

→ Спроведување на нужните мерења и снимање за исколчување на објектот, вклучително на поставување на мерните апарати и потреба од ангажирање на персоналот;
→ Означување и обезбедување на градилиштето;
→ Учество на разговорите за проектот, градбата и монтажата како и на разговори со државните институции, општините или приватните учесници, доколку Нарачателот смета дека тоа е потребно;

→ Работење со прекувремени часови, кои се потребни за одржување на договорените рокови;
→ Транспорт на градежен материјал и друг материјал, испораки и поставување слободен простор за користење
→ Уредување на градилиштето вклучително и создавање на привремени складишта и места за предходна монтажа доколку за ова не е предвидена посебна позиција;
→ Поставување на алатки, дигалки, транспортни средства, скелиња и помошни материјали за монтажа
→ Полнење со погонски средства (на пр.прво полнење на масло, средство за премаз итн.) доколку е потребно;
→ Документација во однос на мерки за обезбедување квалитет, како и градежна книга и градежен дневник;
→ Линценцни трошоци, доколку Изведувачот користи или испорачува заштитени постапки или опрема;
→ Координација на остварувањата со други вработени лица на градилиштето според налогот на надзорниот орган на Нарачателот;
→ Спроведување на договореното или пропишаното испитување на материјалот или изведбените работи;
→ Водење на градежна книга и дневник;
→ Мерења, изработка на документите за пресметка, настанати штети на тревници поради градбата и прием
→ Трошоците на службеното регулирање во случај на лошо време;
→ Трошоци за спроведување на градежните работи во зимските месеци доколку тие се нужни за придржување до договорените рокови за изведбата и доколку во спогодбата/договорот нема донесена друга одредба;

Цените понудени од Изведувачот се цврсто утврдени цени кои важат до рокот за завршување на работите.

Цените утврдени со спогодбата/Договорот се фиксни до целосна реализација на работите и ги содржат сите трошоците за материјали, специјалните активности, службен пат, за ноќевање, дневници, сите испораки вклучително и сите дополнителни трошоци по основ на плата, транспортни трошоци и придружни работи, кои се нужни за извршување на работите според спогодбата/договорот, според сите законски прописи важечки во Република Северна Македонија, според соодветните технички стандарди, норми и прописи и признатите регулативи во дејноста која го опфаќа предметот на спогодбата/договорот се до добивање употребна дозвола за објектот.

**38. Археолошки наоди**

Во случај на појава на археолошки наоди, споменици или слични објекти, Изведувачот мора тоа да го соопшти и пријави до надлежните државни органи и до Нарачателот, заради утврдување на следните чекори со цел избегнување на спреченоста за градење.

**39. Прием на објектот**

По известување на Изведувачот дека работите се завршени се утврдува термин за прием на работите меѓу Изведувачот и Нарачателот и/ или надзорниот орган на Нарачателот. При примопредавањето, Изведувачот и Нарачателот изготвуваат записник за примопредавање.

Нарачателот има право да не го прими објектот доколку истиот има недостатоци или доколку на Нарачателот не му се дадени документи кои треба да ги добие според спогодбата/договорот и други документи потребни според природата на работите (на пр. упатства за употреба, документи од извршени испитувања, проекти, цртежи, сертификати и др. ). Изведувачот по отстранување на недостатоците, треба повторно по писмен пат да го покани Нарачателот да го извршат приемот на објектот.

**40. Префрлање на ризиците**

Изведувачот одговара за реализацијата на работата се до моментот на преминување на ризикот, односно до моментот на примопредавање на градежните работи.

**41. Гаранција при штети**

Изведувачот во текот на извршувањето на работите од спогодбата/договорот сноси кривична, материјална и морална одговорност за правилно и квалитетно извршување на работите.

Изведувачот е одговорен за сите штети предизвикани од Изведувачот или од страна на подизведувачи ангажирани од страна на Изведувачот, нанесени на Нарачателот или на трети лица, со обврска за надомест за предизвиканата штета на Нарачателот или на трети лица.

Изведувачот е одговорен за исправноста и квалитетот на изведбата, за одржувањето на безбедност при работа, за заштита при работа на лицатата ангажирани од негова страна или од страна на подизведувачите, за безпрекорен квалитет на сите материјали што ги користи.

**42. Гаранција при штети на група на Изведувачи**

Нарачателот го задржува правото да донесе привремено решение за распределба на настанатите штети од изведување на работи на група на Изведувачи, ако не се правно поврзани. Нарачателот има право да ги одбие трошоците од штети од фактурите на Изведувачите.

**43. Друго**

Понудувачот потврдува дека реализацијата на спогодбата/Договорот ќе ја изведе согласно важечките законски и подзаконски акти во Република Северна Македонија.

Со предавањето на својата понуда или потпишувањето на спогодбата/договорот, Изведувачот изјавува дека ги разбрал одредбите од јавниот повик со сета пропратна документација, дека располага со потребната способност за реализација на спогодбата/договорот и дека спогодбата/договорот ќе го реализира според договорените цени и услови.

Сите измени или дополнувања на условите од Договорот, се вршат написмено или со Анекси на договорот, соодветно потпишани од двете договорни страни.

Договорот стапува на сила од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Изведувачот, со потпишување на Договорот, потврдува дека ги добил сите потребни информации во врска со предметот на договорот .

Посебна обврска на Изведувачот е да ги почитува законските прописи за  заштита при работа валидни во Република Северна Македонија .

Изведувачот е должен да ги почитува сите законски и подзаконски акти и актите на Нарачателот за работата со кои се регулираат начинот и постапката при работа во кругот на електроенергетски објекти, односно во близина на електричен напон.

Извршување на овој Договор се одвива според законите на Република Северна Македонија. За правата и обврските кои не се регулирани со овој договор, а се во врска со неговото исполнување, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и соодветните законски прописи и стандарди на Република Северна Македонија.
Освен ако не е друго наведено во Договорот, важат приложените Посебни правни одредби на договори  на еднократни договори/рамковни спогодби кои ги склучува Нарачателот  за извршување земјено-градежни и еелктромонтажни работи.